ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 092
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

15-3138/1
23. 02. 2018

До:

- **Лекарската Комора на Македонија**
- **Стоматолошката Комора на Македонија**
- **Фармацевтската Комора на Македонија**
- **Сите приватни здравствени установи од Мрежата на ЗУ**

**Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Почитувани,

Во врска со примената на законските прописи за лекови од Листата на лекови кои се пропишуваат и издаваат на рецепт на товар на ФЗОМ, како и во врска со барања од здравствените професионалци кои вршат здравствена и фармацевтска дејност во здравствени установи од Мрежата на ЗУ со договор со ФЗОМ во примарната здравствена заштита, ве информираме дека во соработка на претставници од Фондот и стручните комори на здравствени работници во РМ е креиран преглед со намена да послужи како помошна електронски алатка.

Имено, врз основа на важечката Листа на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ – Позитивната листа (објавена во Службениот весник на РМ бр.17 од 05.02.2015 година), за Листата А - Лекови за примарна здравствена заштита кои паѓаат на товар на ФЗОМ е изготвен преглед за лекови со нивниот специфичен режим на пропишување и МКБ-10 шифрите на дијагнозите, соодветно за лековите за кои има такви ограничувања дадени со Позитивната листа.

Прегледот е даден во excel документ според добиените технички напатствија, барања и можности. Препорачуваме негова имплементација во софтверските решенија на ПЗУ здравствените установи и истиот ви го доставуваме по електронска пошта.

Евентуални забелешки и укажувања во врска со прегледот, можете да ни доставите до 31 март 2018 година, на e-mail адресата: farmacija@fzo.org.mk. Контакт тел. бр: 02/3289-010, 3289-011, 3289-009.

**Напоменуваме дека прегледот не ја заменува Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ која е подзаконски акт кој сите здравствени работници мора да го имаат во предвид и да го почитуваат заедно со останатите прописи за пропишување и издавање на лековите на рецепт на товар на ФЗОМ.**

Со почит,

ВД Директор,
Данаил Дончев

Директор,
Орхан Рамадани,
Orhan Ramadani

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Изготвил: Соња Златановска
Согласен: Кристина Христова
Зоран Крајоски
Гоце Гаврилов